**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**
**Бр. 08-83/1**
**17.01.2022 година**
**Делчево**

Врз основа на член 75 од Законот за јавните набавки (,,Сл.Весник на Република Македонија,, број 24/2019), а согласно со Правилникот за формата, содржината како и начинот на изготвување на Годишниот План за јавни набавки (,,Сл.Весник на Република Македонија,, број 64/2019), Градоначалникот на Општина Делчево ја донесува следната

**ОДЛУКА**
**за донесување на Годишен План**
**за јавни набавки во 2022 година**

1. Општина Делчево како договорен орган да донесе Годишен План за јавни набавки во 2022 година за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови на стоки, услуги и работи според ЗПЈН, со кој ќе се определи предметот на набавка, очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за јавна набавка.
2. Општина Делчево да го донесе Годишниот План за јавни набавки за 2022 година до крајот на јануари од тековната 2022 година и да го објави на електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) и по потреба, договорниот орган во текот на годината може да го измени или дополни Годишниот План за јавни набавки согласно со планираните или обезбедените средства за јавни набавки и истите да ги објави на ЕСЈН.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Изработил: Стефанија Стојчевска**
**Контролирал: Шабан Багашов**
**Одобрил: Билјана Прачкоска**

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Горан Трајковски**